Љупка ХРИСТОВА
Мире МЛАДЕНОВСКИ

# Нови наставни пристапи за изучување на модерната историја СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ НА БАЛКАНОТ (МАКЕДОНИЈА, БУГАРИЈА, АЛБАНИЈА) 1945-2000

Тргнувајќи од потребата за внесување на промени во учењето и предавањето на историјата, а со цел да се направи поинтересна и поблиска на учениците, наставниците по историја прават напори за воведување на нови наставни форми и методи , како и нови содржини во материјалите по историја.

Следејќи го текот и примерот за изучувањето на историјата во Европските земји, каде што поголем акцент се става на учењето и предавањето на историјата на секојдневниот живот на обичниот човек, а не на воената и политичката историја, Македонија (Асоцијацијата на историчари во Македонија) се вклучи во проектот „Understanding a sheared past, learning for the future" EUROCLIO Project in Albania, Bulgaria and Macedonia (Разбирање на заедничкото минато, учење за иднината, ЕУРОКЛИО Проект во Албанија, Бугарија и Македонија).

Од 12 до 17 Март 2002 година во Прага (Република Чешка) се одржа Годишното собрание на EUROCLIO (Европска асоцијација на наставници по историја), во организација на ASUD (Чешка асоцијација на историчари) и EUROCLIO. На собранието присуствуваа 130 учесници од Европа и еден од Соединетите Американски Држави.

Програмата на Собранието вклучуваше предавања, работилници, дискусии и културно-просветни активности.

Учесниците на Собранието пројавија голем интерес за работилницата организирана од страна на тројца колеги историчри кои доаѓаат од различни земји, од Македонија (Христова Љупка), Бугарија (Стоичева Виолета) и од Албанија (Лилјана Гуга). Работилницата беше со тема *Семејниот живот на Балканот 1945-2000 година* .

Поточно беше презентиран еден дел од Семејниот живот: Промени и продолжување на традицијата во семејните обичаи од 1945 до 2000 година во Македонија, Бугарија и Албанија.

Со изучувањето на оваа тема учениците ќе се запознаат со животот, традицијата и обичаите на луѓето од различно етничко потекло во периодот од 1945 до 1991 година. Односно, како политичките и економските промени по 1945 (воспоставување на еднопартиски, социјалистички систем) и по 1991 (воведување на повеќепартискиот, демократски систем), имале влијание врз семејните прослави, како што се: венчавки, крштевки, свадби, домашни слави,

прослави на 1 Мај, еманципацијата на жените, традиционалните норми кај различни етнички групи.

За таа цел во материјалите се вклучени извори од различно потекло (официјални и неофицијални), како што се писма, сеќавања, интервјуа, слики, карикатури, весници, интернет станици и др. Со тоа се обезбедува мултиперспективност во изворите,а кај учениците се развива способноста да работат со извори од различно потекло, критички да размислуваат и во исто време да научат нешто повеќе за своите соседи.

Една од идеите за групна работа на час беше презентирана пред наставниците по Историја кои беа од различни земји од Европа. Тие се најдоа во улога на ученици и работеа со материјалите поделени во групи.

На самиот почеток учениците се делат на 4 групи од 6 до 9 ученици во зависност од големината на класот (одделението). Формирањето на групите може да се направи на неколку начини:

1. доброволно (учениците сами се пријавуваат за групите);
2. ненамерно (учениците се групираат спонтано, според местото на седење) и
3. намерно (учениците по групи ги распределува наставникот, може и со претходно подготвен список кој само го истакува на табла, или им дели ливчиња на кои се напишани имињата на учениците).

Потоа се дефинираат улогите и одговорностите на членовите во групите. Се одредува еден координатор, кој има улога да ги координира членовите на групата, еден мерач на време, кој внимава на времето за работа со кое располагаат, еден презентер, кој има за задача да ја презентира работата на групата и останати кои се тн. работници.

Откако ќе се заврши со тоа се задаваат задачите. Притоа секоја група има различна задача, а резултатот ќе се процени по кратката презентација од презентерите од секоја група.

Прва група

Вие сте во улога на етнолози и имате за задача да спроведете истражување во трите Балкански земји (Македонија, Бугарија и Албанија) на тема: *Семејните празници*

Втора група

Вие сте преставници на Европска женска фондација. Вашата задача е да подготвите телевизиско предавање на тема: *Улогата и одговорностите на жената во семејството на Балканот од 1945 до 2000 година.*

Трета група

Вие сте педесетгодишен новинар од САД кој работи во списание за брак и семејство. Во периодот на седумдесетите сте биле на Балканот и својата прва репортажа сте ја направиле токму од тој регион. Вашата задача е да напишете публикација на тема: *Еманципација на жената на Балканот (Македонија, Бугарија и Албанија).*

Четврта група

Вие сте учесници на семинар со тема Брак и семејство. Вашата задача е да подготвите дискусија на тема: *Промени и продолжување на традициите во*

*семејниот живот на Балканот (Македонија, Бугарија и Албанија).* Одредете најмалку 4 проблеми за дискусија и подгответе аргументи за да го заштитите вашиот став.

Групите имаат 20 минути време за работа, притоа добиваат материјали-извори кои можат да ги сечат и да ги лепат на хамери.

Секоја група има по 5-7 минути за презентирање на работата.

После тоа следува 5-10 -минутна дискусија на следниве прашања:

– Што ви се допадна во материјалите?
– Што ќе подобрите?
– Посочете еден најинтересен извор кој во оставил најголем впечаток.

Дел од печатениот материјал (испечатен во вид на брошура од 20 страници, во боја, на англиски јазик), ви го претставуваме во продолжение.*

**Док. 1**

**Промени на начинот на користењето на слободното време на семејството**

**-Патријархално семејство**

Една од главните карактеристики на патријархалното семејство во поглед на користењето на слободното време е нерамноправна положба на сопружниците. Додека мажот во слободното време, заради рекреација, често излегува сам или со своето друштво, на жената тоа не ѝ е дозволено, така што таа најчесто седи дома или пак ги посетува роднините и пријателите и тоа без мажот, затоа што тоа е нејзина должност што произлегува од традиционалните норми. Комерцијална рекреација и годишен одмор мажот и жената ретко користат, а посебно жената, затоа што по правило таа не заработува.

*Брак и семејство, Наум Матилов, Скопје 2002*

**Док. 2**

**-Современо семејство**

Во однос на овој аспект од заедничкиот живот на семејната група, современото семејство има сосема поинакви карактеристики. Имено мажот и жената слободното време најчесто го поминуваат заедно, или пак со заеднички пријатели. Комерцијалната рекреација е мошне честа, а годишниот одмор сопружниците го користат заедно.

*Оливера Буриќ, Промени во семејниот живот,*
*Белград, 1968*

**Док. 3**

**Промени во големината на семејството**

Во Македонија според пописите на населението, мошне интезивно се одвива процесот на распаѓање на т.н. големи семејни домаќинства, коишто се составени од седум, осум и повеќе членови, како и од повеќе семејства, така што нивниот број перманентно опаѓа, додека бројота на семејствата составени само од родители и деца, кои бројат по четири члена постојано расте.

*Статистички годишник на СРМ, 1982 и*
*Статистички годишник на РМ, 1996*

---

* Материјалите на Албанија, Бугарија, како и сликите, карикатурите, графиконите, неофицијалните извори и податоците од интернет за Македонија не се вклучени во овој напис.

**Док. 4**

**Учество на членовите на семејството во извршување на домашните работи**

Домашните обврски сè уште се во голема мера во надлежност на жената во семејството, односно се потврдува нерамноправната и потчинета положба на жената во семејството, односно се потврдува присутноста на патријархалните остатоци во семејниот живот, сепак сè почеста е појавата на рамноправна поделба на домашните работи на сите членови на семејството.

И денес многу често најголемиот товар при извршувањето на домашните работи сè уште го носи жената што укажува на фактот дека семејните односи во голема мера го задржале патријархалниот карактер.

Како покарактеристични примери, кои ја илустрираат ваквата состојба, ќе ги наведеме сознанијата во врска со приготвувањето на храната во семејството, одржувањето на хигиената и грижата за малите деца во семејството.

*Влијанието на еманципацијата на жената врз биолошката репродукција во СРМ, 1988*

**Док. 5**

**Планирање на семејството како човечка заедница**

Жените Албанки, во однос на Македонките многу повеќе се оптоварени со вршење на домашните работи, а посебно со одгледување на децата. Имено Албанките во многу повисок процент изјавуваат дека таткото нема воопшто никакви обврски околу одгледувањето на децата.

Што се однесува до вонбрачните врски, тие за Албанките се неморален чин, така што ниту една од нив (од вкупно анкетираните) немала вонбрачно дете. За разлика од нив, Македонките во тој поглед имаат далеку полиберални сфаќања. Имено, не само што поголемиот број од нив ги одобруваат вонбрачните врски, туку некои од нив имале и такви врски, а некои и вонбрачна бременост, или пак бременоста им започнала вон бракот. Во тој контекст, Албанките сметаат дека децата треба да се раѓаат исклучиво во семејството.

*Брак и семејство, Наум Матилов, Скопје 2002*

**Док. 6**

**Грижа за мајките-трудбенички и нивните деца**

Нашата народна власт во заштита на мајчинството гледа еден од важните проблеми во општеството, а грижата за мајката е нераздвојно поврзана со грижите за нејзиното дете.

Државата особено ги заштитува интересите на мајката и детето со создавање на породилишта, детски градинки, детски домови и со правото на платен отпуст пред и после раѓањето. Во нашиот Петгодишен план грижата на државата за мајката и детето најубаво се огледува. А со секој изминат ден во борбата за исполнување на Планот ширум нашата земја се отвораат нови породилишта, детски градинки и детски домови. Само за изградба на детските домови и летувалишта се инвестирани 152.387.000 динари.

*Пет години НРМ, Влада на НРМ, 1950*

## Док. 7

### Први мај меѓународен празник на трудбениците

Први мај-меѓународен празник на трудбениците од целиот свет на најсвечен начин се прославува и во НРМ, како и ширум сета наша земја. На тој ден нашите работни селани и работна интелегенција ги манифестираат своите успеси, постигнати во социјалистичката изградба на нашата земја. На Први мај доаѓа до израз не само борбениот сојуз помеѓу нашите работници и работни селани, туку и нивната солидарност со сето меѓународно движење.

Оваа година сенародната прослава на Први мај кај нас се претвори во грандиозна смотра на остварените резултати во исполнувањето на задачите од Петгодишниот план и сјајна манифестација на сплотеноста и непоколебливата доверба на нашите трудбеници кон ЦК КПЈ на чело со другарот Тито, кој што смело ги води нашите народи во борба за изградба на социјализмот во нашата земја со сопствени сили. Исто така нашите трудбеници на Први мај дадоа уште една потврда за својата цврста решеност да истрајат до крај во борба за победоносното изградување на социјалистичкото општество кај нас и покрај сите пречки, саботажи и стопански блокади од страна на СССР и земјите со народна демократија, како и во борбата што ја поведе КПЈ за воспоставување на правилни односи помеѓу социјалистичките земји и комунистички партии, за одбрана на революционерниот марксизам и ленинизам од ревизионизмот и националистички скршнувања.

*Пет години НРМ, Влада на НРМ, 1950*